Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 01-577/1
Охрид, 30.10.2026 год.

Врз основа на член 94 од Законот за високото образование („Службен весник“ бр. 82/2018, 178/21, 58/2024 И 124/25), член 113 од Статутот на Универзитетот, Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, на седница одржана на ден 30.10.2026 година утврди

ПРАВИЛНИК
за изработка и одобрување студиски програми за прв, втор и трет циклус на студии на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид

1. Предмет

Член 1

Со овој Правилник се уредува постапката за изработка и одобрување студиски програми од прв, втор и трет циклус на студии на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид (во натамошниот текст: Универзитетот) за постапка за акредитација/реакредитација пред Агенцијата за квалитет на високото образование.

2. Постапка за изработка и одобрување студиска програма

Член 2

Постапката за акредитација започнува една година пред истекот на тековната акредитација на студиската програма, а барањето за акредитација на студиските програми планирани за реализација за наредната учебна година Одброт за акредитација ги разгледува доколку се доставени до 31 јануари во тековната година.

Постапката за изработка и одобрување студиска програма се спроведува во согласност со важечките законски и подзаконски акти. Во постапката се применуваат одредбите на Законот за високо образование, подзаконските акти донесени врз основа на законот, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност и Правилникот за содржината на студиските програми на Националниот совет за високото образование, Статутот на Универзитетот и упатствата за подготовка на елаборати на Агенцијата за квалитет на восиото образование.

Член 3

Студиите на Универзитетот се организираат според студиски програми што ги донесува Сенатот, а акредитацијата ја врши Агенцијата за квалитет на високото образование согласно закон.

Студиските програми се предлагаат од страна на наставно – научните совети на едниците на Универзитетот.

Сенатот, по претходно стручно мислење на Ректорската управа, ги усвојува студиските програми.

Член 4

Предлог-елаборатот го подготвува Комисија за изработка на елаборат составена од три члена која ја формира ректорот на Универзитетот.

Задача на Комисијата е во утврдениот рок да изработи предлог-елаборат за студиската програма, во согласност со законските стандарди и насоки.

Комисијата за изработка на елаборат е должна во текстот на елаборатот задолжително да ги спроведе и документарно да ги потврди следните четири процесни обврски:

- **Систематизирано истражување:** Спроведување на документирано и систематизирано истражување за академската основа, одржливоста и оправданоста за воведување или ревидирање на студиската програма.
- **Анализа на пазарот на труд и стопанството:** Спроведување на директна верификација и анализа заснована на докази за усогласеноста на студиската програма со потребите на пазарот на труд, реалните индустриски трендови (вклучително анализа на официјални публикации на МАСИТ и дефинирани барања на ИКТ секторот) и општествената побарувачка.
- **Усогласеност со ЕНЕА (англ. European Higher Education Area) и европско бенчмаркирање:** Задолжително документирање на целосната усогласеност со ЕНЕА принципите и спроведување на систематизирана компаративна анализа (бенчмаркирање) со најмалку три акредитирани сродни студиски програми од реномирани европски универзитети.
- **Консултации со надворешни делегирани чинители:** Спроведување и задолжително записничко документирање на структурирани консултативни средби со надворешни стручњаци, претставници на бизнис-секторот, деловната заедница и Алумни асоцијацијата пред финализирање на предлог-елаборатот. Официјалните записници од средбите и матрицата на прифатени сугестии се припојуваат кон архивираната документација на елаборатот.

При изработката на предлог-елаборатот за студиската програма Комисијата консултира надворешни експерти, организации од стопанството или алумни, со цел да се обезбедат релевантни податоци и анализи (на пр. редовно вклучување на бизнис заедницата и консултации при развојот на студиските програми, анализа на потребите на пазарот на труд, компаративни програми од други институции и сл.).

Член 5

Елаборатот се подготвува согласно усвоениот образец и стандарди пропишани од надлежните органи (Агенцијата за квалитет на високото образование) и да ги содржи сите податоци неопходни за оценување на исполнетоста на критериумите за акредитација: опис на целите на студиската програма, курикулум (наставен план со предмети, ЕКТС кредити и исходи од учење), информации за наставниот кадар и нивните квалификации, материјално-технички услови за изведување на наставата (простор, опрема, литература), финансиска оправданост и одржливост на програмата, усогласеност со Националната рамка на квалификации и други стандарди утврдени Упатствата за начинот на пополнување на елаборат на Агенцијата за квалитет на високото образование и Правилникот за содржина на студиските програми.

Рокот за изработка на елаборатот е 3 месеци од формирање на комисијата, кој може да биде продолжен поради оправдани причини за уште дополнителни 60 дена.

Член 6

Комисијата го доставува предлог-елаборатот до факултетот за донесување предлог-одлука за усвојување студиска програма од страна на наставно – научниот совет.

Пред разгледување на предлог-елаборатот од страна на наставно – научниот совет, истиот се доставува до Одборот за соработка и доверба со јавност на факултетот кој дава мислење.

Факултетскиот одбор за соработка и доверба со јавноста е должен во рок од најмногу 15 (петнаесет) работни дена од денот на приемот на материјалите да подготви и достави формално писмено мислење со оценки за општествената, стопанската и пазарната оправданост на програмата.

Член 7

По донесување одлука за усвојување на студиската програма, елаборатот се доставува за стручно мислење до Ректроската управа.

Сенатот, по претходно стручно мислење на Ректорската управа, ги усвојува студиските програми.

3. Постапка за акредитација на студиска програма во Агенција за квалитет на високото образование – Одбор за акредитација

Член 8

Постапката за акредитација на нова студиска програма формално започнува со поднесување барање за акредитација до Агенцијата за квалитет на високото образование, заедно со комплетната документација.

Член 9

Со барањето се доставуваат: Елаборатот за студиската програма во целост (заедно со сите негови поглавја и потписи од надлежните лица во Установата); Сите пропратни прилози/документи предвидени според Правилникот за содржината на студиските програми.

Член 10

Барањето (заедно со елаборатот и прилозите) се доставува во печатена форма во два (2) примерока, како и во електронска форма (PDF) во три (3) примерока на USB меморија.

Член 11

При некомплетна документација Одборот за акредитација ја прекинува постапката до комплетирање на документите.

Доколку документацијата е комплетна, Агенцијата за квалитет на високото образование го проследува барањето до Одборот за акредитација на високото образование, кој ќе го разгледа елаборатот и приложените докази.

Одборот за акредитација формира стручна комисија за разгледување на докуметацијата.

Универзитетот е должен да соработува со Агенцијата за квалитет на високото образование во текот на постапката за дополнителни прашања, забелешки или барање за доуредување.

Доколку елаборатот е вратен на дорабoтка Универзитетот треба да одговори во определениот рок (вообичаено 30 дена за исправка на елаборатот).

Одборот за акредитација донесува решение за акредитација на студиската програма.

4. Постапка за добивање решение за почеток со работа

Член 12

По добиеното решение за акредитација на студиската програма од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Универзитетот поднесува:

1. Барање до Агенцијата за квалитет во високото образование за почеток со работа
2. Копија од решението за акредитација на студиската програма

Директорот на Агенцијата за квалитет на високото образование формира комисија за утврдување на исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решение за почеток со работа на студиски програми од прв и втор циклус дава директорот на Агенцијата за квалитет на високото образование по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решение за почеток со работа на студиска програма од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија.

5. Рокови

Член 13

Одборот за акредитација го донесува решението за акредитација на студиска програма во рок од 90 дена од денот на поднесувањето на комплетната документација.

Директорот на Агенцијата за квалитет на високото образование го донесува решението за почеток со работа на студиска програма во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на комплетната документација.

6. Завршни одредби

Член 14

Извештаите и решенијата за акредитација на студиските програми целосно се објавуваат на веб-страницата на Агенцијата за квалитет на високото образование.

Универзитетот задолжително ја објавува јавно студиската програма, решението за акредитација на студиската програма и решението за почеток со работа на студиската програма на својата веб-страница.

Овој Правилник влегува во сила на денот на објавување во Универзитетскиот билтен.

претседател на Универзитетски сенат
проф. д-р Нинослав Марина, с.р.